Врз основа на член 20 и 21 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, Собранието на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 15.12.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

за верификација на мандатот на новиот претставник од Здружението за енергетиката, црната и обоената металургија во Собранието на Стопанската комора на Македонија

**Член 1**

Се верификува мандатот на новиот претставник од Здружението за енергетиката, црната и обоената металургија, г-дин Игор Гиевски, член на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје, во Собранието на Комората, на местото на досегашниот претставник од ЕВН Македонија, г-дин Илија Спировски.

**Член 2**

Мандатот на новиот претставник трае до истекот на мандатот на членовите на постојниот состав на Собранието, чии мандати се верифицирани со Одлуката за верификација на мандатот на новоизбраните претставници (членови) во Собранието на Стопанската комора на Македонија бр. 07-324/5 од 18.02.2010 година.

**Член 3**

Оваа Одлука се објавува на огласна табла во Комората во рок од три дена од нејзиното донесување и влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЕВН Македонија АД Скопје со допис бр. 02-10069/1 од 28.09.2011 година, го извести Здружението за енергетиката, црната и обоената металургија при Стопанската комора на Македонија, дека на место на досегашниот претставник од ЕВН Македонија, г-дин Илија Спировски од Здружението за енергетигата, црната и обоената металургија во Собранието на Стопанската комора на Македонија, го предлага г-дин Игор Гиевски.

Со оглед дека од страна на Здружението за енергетиката, црната и обоената металургија е прифатен предлогот, Собранието го верификува мандатот на новиот претставник од Здружението во Собранието на Комората.

Бр.07-3479/7
15.12.2011 год.
С к о п ј е

Претседавач,
Антони Пешев